ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
CHESS FEDERATION OF MACEDONIA
Skopje 1000, sala KK Rabotnicki bb, Macedonia tel +389 2 3166 305 fax +389 2 3220 750 e-mail: chessmkd@mt.net.mk

Шаховска федерација на Македонија
Број 304/март 04, 2025 година

Врз основ на член 21 од Статутот на Шаховската Федерација на Македонија закажувам седница на вонредно **Изборно Собрание на Шаховската федерација на Македонија,** која ќе се одржи на ден 19.03.2025 (среда) со почеток во 18:30 часот, во хотел Континентал во Скопје, со следниот

Предлог

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. **Отворање на седницата**
   Формирање на верификациона комисија и тоа:
   - Секретарот на ШФМ, претседател на комисија
   - Претседателот на Надзорниот одбор или негов член како член на комисија,
   - Претставник од УО на ШФМ, како член на верификационата комисија

   Избор на работно претседателство
   Избор на кандидациона комисија
   Избор на записничар и двајца оверувачи на записникот
2. **Усвојување на Дневен Ред за работа на Собранието на ШФМ**
   Предлог Дневен ред за работа на Собранието на ШФМ
3. **Извештај за работата во 2024 година**
   a. Извештај на Претседателот
   b. Натпреварувачки Извештај (Државни, Меѓународни и останати турнири)
   c. Извештај за Европското Индивидуално првенство во Блиц, Рапид и Рандом шах 2024, како и за Скопје ОПЕН 2024.
4. **Финансиски извештај за 2024 година**
   Презентација и усвојување на финансиските извештаи за 2024
5. **Усвојување на оставката на Претседателот на ШФМ**
6. **Избор на Претседател на ШФМ**
7. **Избор на членови на органите на ШФМ**
   - **Управен Одбор**
   - **Надзорен Одбор**
8. **Усвојување на Календарот за 2025**
9. **Разно**

Патните и дневните трошоци за делегатите на Собранието паѓаат на товар на клубовите кои ги делегираат.

Секој делегат е должен да поднесе **Полномошно** (во прилог на оваа покана)**,** заверено со **печат и потпис од овластено лице од Шаховскиот Клуб** кој го делегира. Дополнително, како прилог на овој документ, делегатот е должен да поднесе и валидна **тековна состојба** не постара од 6 месеци, како и **потврда за вистински сопственик на клубот**. Овие документи можат да бидат приложени и како копија.

Шаховска федерација на Македонија
Претседател,
Саша Богдановиќ

ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ